# МТанчевски





ТРАЈЧЕ ЈАНЧЕВСКИ

Роден 29.01.1928 година во Куманово.

1954 година дипломирал на Академија за применета уметност во Белград.

Студиски престој имал во Париз 1964/65.

Реализирал над десетина самостојни и над стотина заеднички изложби во земјава и странство.

Член е на ДЛУМ, ДЛУПУМ и ИАА - АИАП - УНЕСКО.

Живее и работи во Скопје: "Партизанска" 6.к 27/3 - тел: 225-966

Значајни меѓународни ликовни манифестации во земјата и странство:

Едногодишна изложба: "V Современа Интернационална уметност" во Њу-Делхи и други културни центри во Индија, 1965/66 година.

"Современа Македонска уметност", Анкара, Истанбул, Ферара, 1969, и Јаши - Романија, 1972.

"Современи југословенски сликари", Женева, 1972.

"Интернационално ликовно анале", Пореч, 1977.

"Селективна ликовна манифестација на Центар за современа интернационална уметност", Париз, 1986.

Добитник е на значајни награди и признанија во земјата и странство, како и националната награда за животно дело, "11 Октомври".

TRAJČE JANČEVSKI

Jančevski was born January 29.01.1928 in Kumanovo. In 1954 he graduated from the Acadmy of Applied Arts in Belgrade. During 1964/65 he stayed in Paris. Jančevski has realised over ten individual and over a hundred group exibitions in tne country and abroad.

He is member of DLUM, DLUPUM and IAA.AIAP - UNESCO. He lives and works on Skopje. His address is bul. "Partizanski obredi" 6.k 27/3 - tel: 225 -966

He has paticipatet in significant international art manifestations in the country and abroad:

"V Contemporary international Art", a year round exibition in New Delhi an other cultural centers in India, 1965/66.

"Comtemporary Macedonian Art", Ankara, Istanbul, Ferara, 1969 and Jasi, Romania, 1972.

"Contemporary Yugoslav Artists" Geneva, 1972.

"International Art Anale", Poreč, 1977.

"Selective Art Manifestation of the Center of Contemporary International Art", Paris, 1986.

He has received many awards and aknowledgments for his work in the country and abroad, including the life opus award "11-th October".

Заколнатиот сликар во техника масло, Трајче Јанчевски, првпат во својот творечки опус, дозволува така силно и доминантно да го обземе друга сликарска техника каква што е акварелот.

Бидејќи Јанчевски во сликарството покажа колку ја почитува големата занатска супериорност, и во овој негов редок "излет" не дозволува да биде "владеан", од материјалот, па дури не и од акварелот, чија зависнот од водата, речиси неизбежно ја наметнува спонтаноста, случајноста и неговата исконска податливост за колорирање. Одмераната, контролирана, прецизна, хармонична, чиста и јасна модулација не потикнува да се сетиме на сезановскиот принцип на акварелното сликање.

За да се постигне тоа Јанчевски употребува метод со кого го оневозможува диктатот на акварелната техника (преку минималното присуство на вода), а контролираното количество боја на четката ги формира облиците редејќи тон над тон, за на крајот со лесни флуидни опна да се постигне мекотија на формите, а со острите линеарни потези да се засили устремот на растенијата и инсектите. Тој устрем не е движење, тоа е онаа специфична тензија на внатрешното "работење" во плодовите, цветовите или организмот на пеперутката, односно она специфично лебдење во космичката средина која толку деликатно е доловена во неговите слики, во кои никогаш не е напуштена метафората за физичкото и душевното тло.

Во контекст на посочените особености стојат и мотивите кои се прецизно определени: јужни растенија и плодови (калинка, цветови од трн, и друго) и инсекти, - пепрутка. Првите ја носат убавината на остринатa на формите или испечената зрелост, а вторите ја истакнуваат и го потикнуваат уметникот кон ликовна потарга по структурата на летот од што е добиен ритамот на расчленување како една метафора за освојување на просторот низ природна делба на созреални елементи. Јанчевски тоа го применува и во најкомпактните облици, во оние јужни растенија кои се филигрански точно изведени, но внатре во нив, во нивните распукани пупки, во нивните листови ќе го најдеме одново ритамот и расчленувањето, иако во неколку акварели,(за уметникот доста необично) наидуваме и на повеќе спонтаност и на повеќе игра и експресија, што до крај ја истакнува зрелата младост во формално - ликовна смисла.

За јужните растенија, плодови и летот на пеперутката, Јанчевски ги има сите потребни бои, но ни една повеќе од тоа: океротот кој минува до темното - кафена, како боја на земјата или царство на 'ртење, за потоа да се развие до црвената како зрелост и распукување на плодот, натаму дискретното жолто, како топлината и синото во кое е слеано зеленилото, нежно како воздух и бистрата вода што успокојува и релаксира како и неговите акварели.

Љубен Пауновски



For the first time in his creative opus, Trajče Jančevski, a dedicated painter in oils, is strongly and dominantly obsessed by another painting technique - water colours.

To date Jančevski has shown how great a reverance he has for consummate technical skill in his painting. In this rare "adventure" he does not allow himself to be "dominated" by the material, not even by water colours, since depending on water, they inevitably apply spontaneity, chance and his innate affinity for colouring. Moderate, controlled, precise, harmonious, clean and clear modulation urges us to call to mind Cezane's principles in water colour painting.

To achieve this, Jančevski uses a method by which he surpasses the domination of water - colour technique (using minimum water), while a controlled quantity of colour on the brush enables him to create the shape by applying layer upon layer so tnat, in the end, with a light fluid touch, he achieves a softness of the shapes: with sharp linear strokes he emphasizes the sprouting of plante an insects. This growth is not a motion, but a specigic tension of an inward "action" in the fruits, flowers or in the body of the butterfly, i.e. this specific soar in the cosmos, so delicately depicted in his painthing, in which the metaphor of the physical and spiritual soil is never abandoned.

In the context of the above mentioned characteristics, are present precisely defined motifs: tropical plants and fruits (pomegranate, thorn flowers and others) and insects - butterflies. The format carry in the sharpness of the forms or in the ripeness of maturity, the latter emphasizes and urge the artist on in his search of a flight structure, thus achieving the rhuthm of the analytical as a metaphor for conquering space through the natural separation of ripe elements. Jančevski applies this in the most compact forms, in those tropical plants whish are presented with a filigree precision: but, in their inside, in their open buds in their leaves, the rhythm and individualization are still there. Yet, in some painting, (rather unusual for the artist) more spontaneity, more liveliness and expression are present, which underlie mature youth in a format and artistic seanse.

For the tropical fruits, plants and for the flight of the butterfly, Jančevski possesses all the colours he neeeds - but not a single one more than he requires: ochre becomes dark brown as a colour of the soil and of the realm of sprouting growth, followed by red as a aymbol of ripeness an of the opening of the fruit, then pale yellow, symbolizing warmth, and finally blue mingling with green as soft as air and clear water that soothe and relax just as his water colours do.

Art critic

Ljuben Paunovski

Translatio

Nada Gogova





**СПОНЗОРИ:**
**МАКПЕТРОЛ** - Скопје
**ПОЛЕТ** - Куманово
**СТОПАНСКА БАНКА** - Куманово
**АРКОН - ИНЖИНЕРИНГ** - Скопје
**ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА** - Скопје
**ЈАКА '80** - Радовиш
Компјутерска и графичка припрема **"СКЕНПОИНТ" АД** Скопје

